Врз основ на член 55 став (1) од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија“ бр.58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19 и 110/19), а во врска со член 200 став (3) од Законот за служба во Армијата на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 36/10, 23/11, 47/11, 148/11, 55/12, 29/14, 33/15, 193/15 и 71/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/19, 275/19 и 14/20), министерката за одбрана донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**за изменување и дополнување на Правилникот за утврдување на висината на надоместоците на воениот и цивилниот персонал кој учествува во хуманитарни операции, меѓународни операции, во НАТО мисии и операции и операции во примената на правото на индивидуална или колективна самоодбрана, како и во операции за кризен менаџмент и кооперативна безбедност**

Член 1

Во Правилникот за утврдување на висината на надоместоците на воениот и цивилниот персонал кој учествува во хуманитарни операции, меѓународни операции, во НАТО мисии и операции и операции во примената на правото на индивидуална или колективна самоодбрана, како и во операции за кризен менаџмент и кооперативна безбедност бр. 01-4849/1 од 16.08.2019, бр. 04-4555/1 од 22.10.2020 и бр. 01-4555/3 од 10.11.2020, членот 6 се менува и гласи:

„Член 6

Дополнителен надоместок за учество во мисиите и операциите од членот 1 став 1 од овој правилник, се утврдува поради:

- вршење задачи во отежнати услови за работа (ризик и лоши климатски услови);
- вршење на командни и/или раководни должности;
- вршење на летачки задачи и
- вршење на медицински задачи.

За извршување на командни и/или раководни должности во смисла на став 1 алинеја 2 на овој член, се смета извршување на должност, командант на контингент и извршување на должност најстар национален претставник, при што дополнителниот надоместок се утврдува само по еден основ, односно за извршување на должност командант на контингент или за извршување на должност, најстар национален претставник.

Дополнителните надоместоци од ставот 1 на овој член, меѓусебно не се исклучуваат.

Висината на дополнителните надоместоци од ставот 1 на овој член, е во определен процент од основниот дневен надоместок, или во фиксен износ, за што министерот за одбрана или од него овластено лице носи решение."

Член 2

Овој правилник влегува во сила со денот на донесувањето.

Број 01-402/1
18-01-2021 2020 година
Скопје

МИНИСТЕРКА ЗА ОДБРАНА
Радмила Шекеринска- Јанковска